Реплек АД Скопје, како организатор, во знак на поддршка на сите домашни уметници и артисти, а кои со своите идејни решенија ќе учествуваат во креативниот предизвик за создавање на нов идентитет на препознатлив македонски производ, го распишува следниов

**КОНКУРС**
**За избор на идејно решение**

**Член 1**

Се распишува конкурс за идејно решение за креирање на фиктивни детски ликови „Вито и Мина" кое треба да биде оригинално и досега неупотребено идејно решение.

Ликовите треба да бидат впечатливи и карактеристични и визуелно да ги отсликуваат функцијата и придобивките од користење на „Форвита КИДС" и Форвита Ц КИДС" на компанијата Реплек АД.

**Член 2**

Право на учество имаат сите физички лица државјани на Република Северна Македонија на возраст над 4 години.

Малолетните лица за потребите на овој конкурс ќе бидат застапувани од нивните законски застапници.

Право на учество на овој конкурс немаат децата на вработените во Реплек АД Скопје и неговите поврзани друштва, како и децата на вработените во маркетинг агенцијата Пиксел ДОО.

**Член 3**

Идејното креативно решение за „Вито и Мина" во формат PDF/JPG, оригинално и без никакви дигитални обработки треба да се испрати на е-маил forvita@replek.mk со назначување во е-малот „ЗА КОНКУРС ВИТО И МИНА".

Идејното креативно решение треба да содржи име и презиме на авторот (и законскиот застапник) и контакт податоци (дата на раѓање, е-маил адреса, и телефонски број).

Пријавувањето за конкурсот започнува од 01.11.2023 година од 00:00 часот и истото ќе трае до 30.11.2023 година до 23:59 часот. Доставените креативни решенија пред и по наведениот рок нема да бидат земени во предвид.

**Член 4**

За избраното идејно решение, авторот ќе добие авторски надомест (награда) во износ од 60.000,00 денари.

Правото на сопственост на наградено идејно решение го задржува Реплек АД и за истото ќе биде склучен договор за трајно и неограничено отстапување на авторските права на избраното идејно решение во корист на Реплек АД Скопје, без никакви обврски спрема авторот освен утврдената награда, а согласно Законот за авторското право и сродните права.

Надоместот на авторот од став 1 на овој член ќе се исплати во рок од 15 дена по склучување на договорот од став 2 на овој член.

**Член 5**

Победникот на идејното креативно решение ќе се избере од страна на Комисија формирана со одлука од страна на Реплек АД.

Избраното креативно решение, заедно со името и презимето на авторот ќе биде објавено на 11.12.2023 година на веб сајтот на Реплек, како и на Instagram , Facebook и  Linkedin профилот на Реплек АД.

Авторот, односно неговиот законски застапник ќе потпише изјава за согласност за користење на неговото креативно решение во промотивни цели.

По објава на Избраното креативно решение авторот ќе биде контактиран на е-маил адресата од која се пријавил на конкурсот.

**Член 6**

Личните податоци кои ќе се достават за предметниот конкурс ќе се обработуваат согласно закон, правичо и транспарентно и ќе се користат само за потребите и целите на овој Конкурс.